Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од областа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од областа на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 88

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ И МЕДИЦИНСКА ЕТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 0210-1591/56 од 2008 год., донесена на третата седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 24.12.2008 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од ***комуникациски вештини*** и ***медицинска етика*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор/повторен избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“, на 13.12.2008 год., и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

1. д-р Гордана Панова, професор на ВЗШ на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и

2. м-р Љупчо Димитров, доктор по стоматологија, специјалист по детска и превентивна стоматологија, примариус, магистер на стоматолошки науки.

Рецензентската комисија ги разгледа документите на кандидатите и утврди дека кандидатот м-р Љупчо Димитров не ги исполнува условите наведени во Конкурсот и останатите услови, согласно со член 125 од Законот за високото образование.

Врз основа на приложената документација, кандитатката д-р Гордана Панова ги исполнува условите наведени во Конкурсот и основните услови, согласно со член 125 од Законот за високото образование. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Гордана Панова** е родена на 31 декември 1958 година во Кочани. Основно образование завршува во Кочани. Средно медицинско училиште завршува во Штип, а Виша медицинска школа завршува во Белград, каде и го продолжува школувањето на Дефектолошкиот факултет. Дипломира во 1988 година. Потоа специјализира и се запишува на магистерски студии по логопедија.

Во 1998 година со успех 9,60 ги завршува магистерските студии и успешно го одбранува својот магистерски труд со оценка 10, на тема *„Фреквенција на говорните нарушувања на децата од претшколска возраст во Општина Кочани“.*

Докторските студии ги продолжува на Универзитетот „Климент Охридски“ во Софија, каде на 16 мај 2002 година успешно и јавно го одбранува докторскиот труд со наслов *„Фреквенција на дизартикулиите и улогата на играта за согледување на психички, физички и говорни недостатоци и развојот на комуникативните умеења кај децата“* и се стекнува со образовно-научен степен *доктор по логопедија*. Оваа диплома е признаена и нострифицирана од Министерството за образование и наука на Р. Македонија со Одлука бр. 09-551/1 од 20.6.2003 година.

***Работна историја***

Кандидатката д-р Гордана Панова своето работно искуство го стекнува во Медицинскиот центар во Кочани, сѐ до нејзиното вработување на Високата здравствена школа при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, каде со Одлука на Матичната комисија, бр.866 од 4.6.2007 година, е избрана во научно-наставно звање професор на ВЗШ по предметите: Комуникациски вештини и Основи на дефектологијата. Во новата учебна 2008/2009 година на ВЗШ ги предава и предметите Медицинска етика и Нега на болен.

Кандидатката во соработка и контакти со реномирани професори и други стручни кадри од овие области има издадено скрипти (авторизирани предавања) за внатрешна употреба само за студентите од ВЗШ, заради полесно совладување на материјалот кој е предвиден да се изучува по овие наставни предмети.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката е активно вклучена во редовната настава на ВЗШ - Штип, каде што успешно ги изведува наставата и вежбите по предметите: Комуникациски вештини, Медицинска етика, Основи на дефектологијата и Нега на болен и за истите се служи со авторизирани скрипти.

Учествува во повеќе стручни усовршувања - едукации, симпозиуми, проекти со НВО и здруженија на жените на Р. Македонија, каде успешно го реализира проектот во својата општина со наслов *„Начин на однесување“.*

Има објавено повеќе трудови, како во Република Македонија така и во странство:

1. Гордана Панова (2001): Вежби за развој на психомоториката и работата над фините движења на прстите на рацете кај децата со говорни недостатоци во детските градинки – Pres.swu.Bg./ epub
2. Гордана Панова (2001): Карактеристики на муцкањето и учество на родителите при рехабилитација на децата што муцкаат во предучилишна возраст- Pres.swu.Bg./epub
3. Гордана Панова (2001): Фреквенција на дизартикулиите и улога на играта за надминување на говорните нарушувања и развојот на комуникативните знаења кај децата. Списание за наука и уметност на РМ.
4. Гордана Панова (2001): The of doll in the child,s game, Abstrakts, references and artikle information- Pres.swu.Bg./epub
5. Гордана Панова (1999): Невропсихолошки развојно-динамички пристап кај децата со аутизам. Дефектолошка дијагностика - Скопје.
6. Гордана Панова (1997): Агресивни деца – GSIZ - Drustvene brige o deci - Beograd, RSIZ - Srbija.
7. Гордана Панова (1996): Улогата на логопедот во влијанието врз развојот на говорот и јазикот кај децата со централно оштетување и инструктивно-советодавна работа на родителите. Деф. дијагностика - Скопје.
8. Гордана Панова (1996): Алергии и хиперактивност кај предучилишните деца. Деф. дијагностика - Скопје.
9. Гордана Панова (1997): Семантичка вербална флуентост на билингвалните деца со ЛМР – Деф. дијагностика - Скопје.
10. Гордана Панова (1999): Потреби и проблеми во организирањето на предучилишното воспитание на децата со пречки во развојот како предуслов за успешно интегративно образование - РСИЗ - Белград.
11. Гордана Панова (1998): Гласовниот развој како главен предуслов кај раното стекнување способност за јазик и говор. Деф. дијагностика - Скопје.

12. Гордана Панова (2000): Ставови на родителите со здрави деца кон децата со пречки во развојот на предучилишните деца. Деф. дијагностика - Скопје.
13. Гордана Панова (2001): Рана дијагноза на первазивни развојни растројства. Pres.swu. Bg./epub.
14. Гордана Панова (2000): Анализа на децата со пречки во говорниот развиток со логопедски третман во предучилишниот период. Деф. дијагностика - Скопје.
15. Гордана Панова (2001): Landau-Kleffner sindromot – zdobiena afazija so Epi (афазија-епилепсија синдром, Landau-Kleffner sindrom), Niorster-Draythtos- синдромот. Pres. swu.Bg./epub
16. Гордана Панова (2005): Проблеми на раната дефектолошка дијагностика GSIZ-Белград.

*Учество во реализација на научноистражувачки проекти*

Проект преку Здружението на жени на Р. Македонија и НВО „Еднаквост" - Кочани, кој успешно се реализира и заврши во 2008 г. на тема „Анализа на однесувањето".

**Прилог**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Гордана Панова, доцент, во реизборниот период 2006-2009 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| 1.Интерна скрипта за предавање 4 x 4 =16 | | 16 | **16** |
| 2.Предавања<br>(неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br>1.Комуникациски вештини 2+0 2 x 1,5=3<br>2.Медицинска етика 2+1 2 x 1,5 =3<br>3.Основи на дефектологијата 2+1 2 x 1,5=3<br>4.Нега на болен 3+2 3 x 1,5=4,5<br>5.Нега на болен 1 3+2 3 x 1,5=4,5<br>12 x 1,5=17<br>2г x 17=34<br>Бр. на предмети 5 x 1=5 | | 39 | **39** |
| 3.Вежби (неделен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br>6 x 0,2 = 1,2<br>2 г x 1,2 = 2,4 | | 3,6 | **3,6** |
| Вкупно | | 42,6 | **42,6** |
| | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Трудови објавени во Р. Македонија 9 x 1=9<br>Во странство 7 x 2=14 | | 23 | **23** |
| Раководител на еден проект за НВО 1x 4=4<br>Учеснок во други проекти 2 x 3=6 | | 10 | **10** |
| | | | |
| Вкупно | | 33 | **33** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Претседател на комисија за студентски прашања | | 10 | **10** |
| | | | |
| Вкупно | | 10 | **10** |
| **ВКУПНО** | **85,6** | | |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на горенаведеното, како и од лично познавање на кандидатката д-р Гордана Панова, Рецезентската комисија констатира дека кандидатката досега успешно ги извршува работните задачи по предметите: *Комуникациски вештини* и *Медицинска етика* на Високата здравствена школа и по истите има постигнато значајни резултати. Затоа, мислиме дека и на Факултетот за медицински науки, во наставата по овие предмети, кандидатката успешно ќе ги извршува своите работни задачи и ќе реализира добри резултати.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на ННС на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да ја **избере д-р Гордана Панова за доцент на Факултетот за медицински науки.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Никола Камчев, вонреден професор, претседател, с.р.**

**Д-р Никола Силјановски, вонреден професор, член, с.р.**

**Д-р Ѓорги Шуманов, вонреден професор, член, с.р.**